- Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер [redacted], а кое се однесува на прашањето дали донесен (акт), кој по својата природа е од „интерен карактер“ и истиот се однесува на прашања за кои министер во рамките на министерство за кое е надлежен да одлучува во рамки на организирање и обезбедување на законито и ефикасно вршење на работите и задачите, како и одлучување за правата, должностите и одговорностите на работниците во министерството, за кој (inter partes), може да се применува како „пропис“ (задолжително правило со кое се уредува однесувањето во определена област) – треба да биде донесен во согласност со член 3 став 6 (согласно кој подзаконските и другите акти кои ги донесуваат министрите или министерствата, акти на функционерите кои раководат со други органи на државната управа, актите на организациите утврдени со закон, агенциите, дирекциите или други правни лица кои целосно се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија) од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавуваат во Службен весник, односно дали конкретно сите министри без исклучок на ресор, имаат еднаква законска обврска да постапат во согласност со наведената одредба од цитираниот закон, а со кој се уредува дека во „Службен весник на Република Северна Македонија“ се објавуваат и другите акти кои ги донесуваат министерствата во смисла дали спаѓа во „други“ акти, горе опишаниот карактер на акт при донесување како (интерен акт), Секретаријатот за законодавство Ве известува за следното:

Секретаријатот за законодавство со писмо број [redacted], се има произнесено по однос на прашањата на кој ден, месец и година секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија има потпишано налог за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ на прописот - „Упатство за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во МВР бр. 12.1-72212/1 од 06.12.2012 год“, донесено од министерот за внатрешни работи, како и дали при донесувањето на погорецитираниот акт, а со цел стапување во сила како правноважечки пропис, Министерството за внатрешни работи постапувало согласно член 52 од Уставот на Република Северна Македонија и согласно Законот за објавување на законите и другите прописи и акти и прашањето дали при донесувањето на погорецитираниот акт, а со цел стапување во сила како правноважечки пропис, Министерството за внатрешни работи постапувало согласно член 52 од Уставот на Република Северна Македонија и согласно Законот за објавување на законите и другите прописи и акти.

Секретаријатот за законодавство со писмо број [redacted], се има произнесено по однос на прашањата дали „Упатство за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи бр. 12.1-72212/1 од 06.12.2012 год“, донесено од страна на министер за внатрешни работи, е донесено согласно утврден изричен законски основ за негово донесување и дали е постапено согласно Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните

договори и може да се применува како автентично правноважечки пропис за работниците во Министерството за внатрешни работи, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство се има произнесено со [redacted].

По однос на Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. [redacted], Ве известуваме за следното:

Согласно член 3 став 1 точките 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), „имателите на информации" се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите, додека „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, Ве известуваме дека во конкретниот случај од наводите на барањето произлегува дека истото не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер кои Секретаријатот за законодавство ги создал, односно располага, туку се работи за барање за толкување на одредби од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“, за што ќе треба да се обратите до Министерството за правда, како надлежен орган за посочениот закон, или до Собранието на Република Северна Македонија, со оглед дека Собранието, меѓудругото, дава автентично толкување на законите.

- Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. [redacted], доставено по меил, на ден [redacted] година, од [redacted], со кое е побарана информација од јавен карактер, а која се однесува на прашањата во врска со име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги се користени во текот на 2023 година, за секој поединечен адвокат/адвокатско друштво износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година и како е избран секој од адвокатите/адвокатско друштво чии услуги се користени, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство нема користено услуги од адвокат/адвокатско друштво во текот на 2023 година.

- Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер, [redacted], со кое е побарана информација од јавен карактер во врска со вкупниот број на јавни службеници кои во 2023 година учествувале на обуки/работилници за градење на нивната дигитална писменост со цел поефикасно извршување на службените задачи и опслужување на граѓаните, заедно со датум, наслов и организатор на обуките/работилниците, Ве известуваме дека осум лица вработени во Секретаријатот за законодавство во периодот од 04-05.04.2023 година учествувале на Обука за дигитална трансформација за граѓаните (online).

По однос на информацијата од јавен карактер во врска со вкупен број на е-услуги кои институцијата ги испорачала во 2023 година за граѓаните и бизнисите; листа на е-услуги кои институцијата ги испорачала во 2023 година за граѓаните и бизнисите, со линк кој води до секоја услуга поединечно; вкупен број на граѓани и бизниси кои во 2023 година ги користеле е-услугите што ги обезбедува вашата институција, (вкупниот број да се наведете одделно по е-услуга); листа на е-услуги кои институцијата за прв пат започнала да ги испорачува во 2023 година, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство не обезбедува е-услуги за граѓаните и бизнисите.

- Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер, на ден [redacted], со кое е побарана информација од јавен карактер во врска со наведување на составите на Владата на Република Северна Македонија и на министерствата во Владата на Република Северна Македонија од осамостојувањето до денес 1991-2024 (со сите измени на називите согласно измените на Законот за Владата на Република Македонија или Законот за организација и работа на органите на државната управа); доколку некое министерство во меѓувреме е укинато/воведено, да се наведе основот и годината на укинување/воведување; за секоја Влада и министерство да се наведе кој раководел, од кога и до кога – вклучувајќи ги и техничките влади со своите министри, која политичка партија ја претставувале; избраните заменици министри во министерствата во период од 1991-2024 година - која политичка партија ја претставувале; назначените државни секретари во министерствата во период од 1991-2024 година – која политичка партија ја претставувале и доколку Владите имале заменици на премиерот, да се наведат имињата на истите и областа која ја покривале, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, односно Секретаријатот за законодавство согласно член 40 став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), ги врши работите што се однесуваат на обезбедување на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласување на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Северна Македонија, со законодавството на Европската Унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и дава стручни мислења по прописите на општината за кои Министерството за локална самоуправа тоа ќе го побара.

По однос на точката 6 од Барањето за пристап до информации од јавен карактер, која се однесува на избраните и назначените лица во Секретаријатите на Владата на Република Северна Македонија – која политичка партија ја претставувале, Ве известуваме дека во периодот од 1991 – 2024 година како секретари на Секретаријатот за законодавство биле именувани Елена Малинкова од 1998 до 2006 година, потоа Лила Пејчиновска Миладиновска во периодот од 2007 до 2023 година и сегашниот секретар д-р Оливера Нечовска, именувана во 2023 година. Сите секретари на Секретаријатот за законодавство пред да бидат именувани, биле долгогодишни вработени во Секретаријатот.

По однос на делот на точката 6 од Барањето за пристап до информации од јавен карактер кој се однесува на тоа од која политичка партија ја претставувале избраните и назначените лица во Секретаријатите на Владата на Република Северна Македонија, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство како стручна служба на Владата на Република Северна Македонија, не бил предмет на договори на политичките парти и

секретарите досега не биле именувани на предлог на политичките партии. Со оглед на стручната и професионалната работа на Секретаријатот, истиот не учествува во креирање и предлагање на политики.

Во однос на претходните секретари во Секретаријатот за законодавство не би можеле да дадеме информација за нивна припадност кон одредена политичка партија.

Во однос на сегашниот секретар на Секретаријатот за законодавство д-р Оливера Нечовска, истата има 26 годишно искуство во Секретаријатот за законодавство и истата не претставува ниту една политичка партија.

- Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер, на ден [redacted], со кое е побарана информација од јавен карактер во врска со слободни работи места/позиции според систематизацијата на Секретаријатот за законодавство, за кои услов е факултет 240 ЕКТС Ветеринарен факултет, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство во својата систематизација нема утврдено работни места/позиции за кои услов е факултет 240 ЕКТС Ветеринарен факултет.

- Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено по меил, [redacted], со кое е побарана информација од јавен карактер, Ве известуваме на следното:

1. Дали се прави означување на соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата на Република Северна Македонија и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;

- Не.

Согласно член 40 став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедување на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласување на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската Унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и дава стручни мислења по прописите на општината за кои Министерството за локална самоуправа тоа ќе го побара.

- Секретаријатот за законодавство не работи со граѓаните и со јавноста.

2. Дали е донесен интерен акт на ниво на институција за спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете решение за назначеното лице.

- Да. Решението за назначување на службено лице за посредување со информации од јавен карактер број [redacted] (во прилог)

3. Дали се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

-Не.

4. Дали се објавени внатрешните процедури за јавни набавки на веб страницата на институцијата? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

-Да. Годишниот план за јавни набавки и внатрешните процедури не се јавно објавени, се работи согласно Законот за јавните набавки (*).

http://sz.gov.mk/blogs?search=&orderby=creation_date&category=18&page=&tag=&start_date=&end_date=

5. Дали се направи надградба на Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

-Не. Нема потреба, бидејќи нема многу такви трошоци и се објавува Табела за транспарентност на веб страната.

6. Дали е направена промоција на порталот за отворени податоци и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

-Не. Секретаријатот за законодавство има специфичен карактер на работење, нема промотивни настани.

7. Дали е започнато со објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

-Не. Секретаријатот за законодавство не работи со граѓаните, туку неговите надлежности се утврдени со член 40 од Законот за Владата на Република Македонија.

8. Дали е започнато со објавување на предлог теми за дискусија на ЕНЕР за актуелни прашања кои се од јавен интерес? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Транспарентност при носење акти и одлуки; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

-Не. Секретаријатот за законодавство не креира политики, не е релевантно.